РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1232/6
15-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител без адресни податоци за контакт, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1232/1 од 04.04.2025 година, оформен по пријава против лицето ------ ------------- ------------ директор на ---------------- ------------ -- --------------- во Скопје, со наводи за сомневање за незаконитости во две постапки за јавна набавка спроведени во 2025 година за потребите на ---------------- -------------- -- --------------------- во Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причини што не се потврдуваат пријавените наводи.

Предметот со број 12-1232/1 од 04.04.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 04.04.2025 година, доставена е пријава против лицето ------ ------------- ------------, директор на ---------------- ------------ -- ----------------- во Скопје, со наводи за сомневање за незаконитости во две постапки за јавна набавка спроведени во 2025 година и тоа: постапка за јавна набавка број -----------/---------- за набавка на услуги - физичко обезбедување на објектите на ---------------- ---------------- -- -------------- во Скопје и постапка за јавна набавка реализирана по оглас број 04692/2025 за набавка на услуги за чистење на објекти и услуги за управување до имот во истата клиника.

Во пријавата е наведено дека ---------------- ------------ -- --------------------, во својство на договорен орган, преку дефинирање на критериумите утврдени во тендерската документација го ограничила слободното движење на стоки и конкуренцијата на пазарот спротивно на Законот за јавни набавки, а со цел фаворизирање на еден економски оператор – ------------- ----------- со цел истиот да ги добие двете постапки за јавни набавки.

Во насока на утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од Комисијата за заштита на конкуренцијата на РСМ да достави информација за тоа дали преку дефинирањето на критериумите во тендерската документација била ограничена конкуренцијата на пазарот за постапка за јавна набавка бр.--------/--------. Исто така, ДКСК изврши и увид во документацијата за двете јавни набавки кои се јавно достапни на веб страницата на Електронскиот систем на јавни набавки.

Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и од увидот во целокупната документација по предметот, утврдена е следната фактичка состојба:

- Комисијата за заштита на конкуренцијата по разгледување на тендерската документација за наведениот оглас за јавна набавка за услуги за обезбедување, утврдила дека постапката за јавна набавка бр. --------/--------, за набавка на услуги - физичко обезбедување на објектите на ------------ ------------ -- ---------------, била спроведена во поедноставена отворена постапка со критериум за доделување на договор – најниска цена. Дополнително, во предметната постапка за објавениот оглас, пријава и учество со прифатлива понуда доставиле два економски оператори, со што по завршување на постапката во законски пропишаниот рок требало да се потпише Договор за предметната набавка.

Согласно член 138 став 1 од Законот за јавни набавки секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да побара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка во рок и форма утврдени со закон. Жалбата се вложува во рок и во форма утврдени со закон, а надлежен орган за решавање по жалби во постапките за јавни набавки е Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Согласно член 141 став 2 точка 5 од Законот за јавни набавки, битна повреда на Законот е и доколку критериумите за способност не се утврдени во согласност со Законот.
Дополнително, согласно член 143 став 1 точка1 од Законот за јавни набавки, жалба, во определениот рок меѓу другото се изјавува и во однос на содржината на огласот или тендерската документација.

Комисијата за конкурентност во своето Известување наведува дека за конкретната постапка со оглас бр. бр. --------/-------- од 05.06.2025 година била вложена жалба од друг економски оператор - учесник во оваа постапка по што била водена жалбена постапка пред Државната комисија за жалби по јавни набавки во која со Решение бр.-- - -----/--- од ---.--.----- година била усвоена жалбата со што била поништена Одлуката за избор на најповолна понуда од 18.03.2025 година донесена од договорниот орган ЈЗУ ----- за ----------------- Скопје и дејствието со која се издава негативна референца.
Од страна на договорниот орган е постапено по предметното Решение на ДКЖЈН и на ден 05.06.2025 година во ЕСЈН е објавено Известување за поништување на оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка, во кое е наведено дека поништувањето е поради тоа што тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци.

-По однос на наводите за фаворизирање на економскиот оператор "----------- ----------------------" и во втората постапка за јавна набавка на УК за ---------------- во Скопје по распишан оглас број --------/--------, за набавка на услуги за чистење на простории - објекти и услуги за управување до имот, од направениот увид во ЕСЈН ДКСК констатира дека во предметната постапка не земал учество пријавениот економски оператор, туку понуди поднеле: ---------- -------------- ----------- ------------------ Скопје и ДТУ ------------ ----------- ---------- Скопје.

Јавната набавка била спроведена во отворена постапка без предвидено користење на електронска аукција, а како критериум за доделување на договорот бил предвиден најниска цена.
Предметната постапка е завршена со избор на понудата на економскиот оператор ДТУ ----------- ----------- ---------- Скопје. За оваа постапка не била водена жалбена постапка пред второстепен орган ДКЖЈН, по што на 13.05.2025 година бил склучен договор за јавна набавка со избраниот понудувач со времетраење од една година.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека за постапката за јавна набавка број -----------/------ за набавка на услуги - физичко обезбедување на објектите на ----------------- ----------------- -- ---------------- во Скопје постапено е од друг надлежен орган, ДКЖЈН, која во рамките на своите надлежност донел одлука за поништување на постапката, по кое било постапено од страна на договорниот орган. Во втората предметна постапка, пријавениот економски оператор воопшто не учествувал со своја понуда во истата, по спроведената постапка договорот за јавна набавка бил склучен со друг понудувач.

Оттаму, ДКСК оцени дека во предметните постапки за јавни набавки не се потврдуваат наводите за сомневање за незаконитости нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик Претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б.,советник

Контролирал Ј.Ц, раководител на Одделение

Согласен: м-р И.П. Раководител на Сектор

Одобрил С.Д., член на ДКСК